**ЗАПИСНИК**
**од 44-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 05.12.2022 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Шќипе Тахири, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 44-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 43-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 28.11.2022 година.
2. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово за прекршување на член 54 став 5 од ЗААВМУ и член 4 од Правилникот за спонзорство.
3. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово за прекршување на член 92 став 3 од ЗААВМУ.
4. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово за прекршување на член 14 од Законот за медиуми.
5. Предлог за поведување прекршочна постапка против Трговско друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 14 од Законот за медиуми.
6. Предлог за давање одобрување за донесување на одлука за набавка на новогодишни честитки со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавни набавки.
7. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 43-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 28.11.2022 година, со текст како што беше предложен.

**Точки 2, 3 и 4**

Г-дин Петрушевски предложи за Точките 2, 3 и 4 директорот или службата да дадат еден заеднички вовед бидејќи станува збор за ист медиум кој прекршил повеќе членови од Законот, Советот да има една дискусија а гласањето да биде за секое прекршување посебно.

Членовите на Советот немаа против овој предлог.

Раководителката на Одделението за програмски и административен надзор Шќипе Тахири ги образложи предлозите за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово за прекршување на член 54 став 5 , член 92 став 3 од ЗААВМУ и на член 14 од Законот за медиуми. Објасни дека со редовниот надзор врз програмскиот сервис на овој радиодифузер констатирано е дека на 5 октомври 2022 година беше емитувана спонзорирана религиска ТВ-проповед што е спротивно на член 54 став 5 од ЗААВМУ, односно ТВ Плус објави телоп за „SN – Осигурителен брокер А.Д. Битола“, кого графички и вербално го означи како спонзор на емисијата со религиска содржина. Согласно Законот се предлага изрекување на мерка јавна опомена. Во однос на Точката 3 објасни дека со редовниот програмски надзор е констатирано дека на 10 октомври 2022 година, не емитуваше половина од изворно создадената програма како македонски аудиовизуелни дела во периодот од 7:00 до 19:00 часот, што е спротивно на член 92 став 3 од ЗААВМУ. Исто така, констатирано е прекршување и на член 14 од Законот за медиуми затоа што на 5 октомври 2022 година, во дел од емитуваните програми не ги објави податоците за импресум што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја посебна содржина од програмскиот сервис, односно тоа е спротивно на точките 6 (импресум за програми од сопствено производство) и 10 (импресум за програми од туѓо производство) од „Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците“. И за овие две прекршувања се предлага изрекување мерка јавна опомена.

Во текот на воведот за точките раководителката Тахири имаше технички проблем со видео и аудио конекцијата.

Г-дин Трајчевски во врска со трите прекршувања на ТВ Плус од Куманово дополни дека медиумот достави изјаснување во кое навел дека направените недоследности се од технички причини и човечка грешка и дека веќе постапиле по укажувањата на АВМУ односно ги отстраниле неправилностите.

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот – Шеф на кабинет м-р Драгица Љубевска во врска со прекршувањето на член 14 од Законот за медиуми дополни дека радиодифузерот по изрекување на мерката јавна опомена има рок од 45 дена од денот на приемот на решението за да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

*Гласање по Точка 2*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-4076/1 од 02.11.2022 година и едногласно заклучи на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 54 став 5 од ЗААВМУ и член 4 од Правилникот за спонзорство затоа што на 5 октомври 2022 година, беше емитувана спонзорирана религиска ТВ-проповед.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за спонзорство.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 3*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-4068/1 од 02.11.2022 година и едногласно заклучи на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 92 став 3 од ЗААВМУ затоа што на 10 октомври 2022 година, не емитуваше половина од изворно создадената програма како македонски аудиовизуелни дела во периодот од 7:00 до 19:00 часот.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 4*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.10-4090/1 од 02.11.2022 година и едногласно заклучи на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово да му изрече мерка јавна опомена заради прекршување на член 14 од Законот за медиуми, затоа што на 5 октомври 2022 година, во дел од емитуваните програми не ги објави податоците за импресумот што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја посебна содржина од програмскиот сервис.

Во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за поведување прекршочна постапка против Трговско друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 14 од Законот за медиуми. Објасни дека на овој радиодифузер претходно му е изречена мерка јавна опомена за наведеното прекршување за кое имаше рок од 45 дена за да ги отстрани неправилностите. По истекот на рокот направен е контролен надзор и повторно е констатирано дека поголем број на емисии беа емитувани без импресум односно без податоците што радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис. Од таа причина се предлага за ТВ Шутел да се поведе прекршочна постапка пред надлежниот суд.

Раководителката Тахири објасни дека по изрекувањето на мерката јавна опомена писмено се изјасни дека ќе се коригира, а исто така и Секторот со одговорното лице оствари работен состанок во просториите на Агенцијата, каде што му беше објаснето како да се усогласи со Законот, за да во иднина не се повтори прекршувањето и од негова страна беше сè прифатено. Во таа насока рече дека сега не знае зошто повторно се направени истите грешки.

Г-дин Фиданоски во однос на дополнувањето од страна на раководителката Тахири рече дека Агенцијата сторила сè што е во нејзина надлежност за да му помогне на радиодифузерот и таа недоследност на Законот да ја отстрани, но очигледно е дека медиумот тоа не го спровел, а зошто не се знае.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен административен надзор бр.10-4083/1 од 02.11.2022 година на Трговското друштво за

радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје и утврди прекршување на член 14 од Законот за медиуми.

Советот едногласно заклучи против Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со контролниот надзор е констатирано дека на 13 октомври 2022 година, во дел од емитуваните програми не ги објави податоците за импресумот што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја посебна содржина од програмскиот сервис.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

**Точка 6**

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот – Шеф на кабинет м-р Драгица Љубевска го образложи Предлогот за давање одобрување за донесување на одлука за набавка на новогодишни честитки со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавни набавки. Објасни дека предмет на набавката се новогодишни честитки и за да се достават понуди Агенцијата се обрати до СОС Детско село, Лице в лице и од Првата детска амбасада во светот Меѓаши. Според доставените понуди финансиски најповолна и прифатлива за Агенцијата е понудата на СОС Детско село која нема да надмине износ од 8.000,00 денари без вклучен ДДВ затоа што не е даночен обврзник. За да може да се набави потребната количина на новогодишни честитки, од Советот се бара одобрување за донесување Одлука за набавка на честитки.

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги едногласно даде одобрување да се донесе одлука за набавка на новогодишни честитки за потребите на Агенцијата, со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавни набавки, која нема да надмине износ од 8.000,00 денари без пресметан ДДВ.

За реализирање на горенаведената услуга, средствата се обезбедени од Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година.

**Точка 7**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр. 02-4482/7**

**22-12 2022 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**